Соопштение за медиуми
Датум: 12.09.2014

CINEPLEXX
НАШИОТ СВЕТ НА КИНОТО.
ОД 1967 ГОДИНА.




## ФИЛМОМАНИЈА | 18.09-24.09
### СИТЕ ФИЛМСКИ ФЕСТИВАЛИ НА ЕДНА РЕВИЈА!

Од **18 -24 септември**, филмските сладокусци ќе можат да уживаат во вкупно **14 филмски наслови**, наградени филмови од **светските филмски фестивали**.

За прв пат во Македонија, филмската ревија на рецентната европска и светска кинематографија на македонската публика ќе и донесе избор на најинтересни филмови од најзначајните светски филмски фестивали! Оваа година, Филмоманија истовремено ќе биде прикажана во уште неколку градови во регионот, каде што е присутно киното Cineplexx: Љубљана, Загреб, Белград и Подгорица.

Во текот на овие седум дена, посетителите ќе имаат можност да уживаат во филмските остварувања кои своите премиери ги имале на познатите филмски фестивали во Токио, Њујорк, Лондон, Венеција, Берлин и Кан.

Меѓу потврдени имиња на филмови кои што ќе бидат прикажани, ги издвојуваме:

„Кога ќе се спушти ноќ над Букурешт“, филм на еден од најзначајните романски режисери **Корнелиу Порумбиу**, прикажан во официјална конкуренција на филмските фестивали во Њујорк, Локарно и Торонто.

Филмоманија оваа година ни ја носи прочуената драма „Облаците над Силс Марија“ во која главните улоги ги толкуваат добитничката на наградата Оскар, **Жулиет Бинош** и ѕвездата од *Сага на самракот*, **Кристен Стјуард**.

„Ние сме најдоброто“, филм на угледниот шведски режисер **Лукас Модисон**, награден со Гранд При на Токискиот филмски фестивал, како и „Том на фарма“ на канадскиот режисер **Ксавиер Долан**, добитник на Награда за критика (FIPRESCI) на филмскиот фестивал во Венеција.

Повеќе информации за ФИЛМОМАНИЈА можете да најдете на следниов линк: http://bit.ly/1rF3Jl8

Со почит,
Cineplexx